Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucioni Nacional
МУЗЕЈ-MUZEU
Бр.Nr.: 03 - 220
01.07 2022 год.viti.
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основ на член 76-а и 76-ѓ од Законот за култура ( „Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ“ бр. 15/2008), одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр.02-460 од ден 26.11.2018 година, Правилник за измена и дополнување на правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр.02-73 од ден 25.02.2020 година, Оглас бр. 03-187/1 од ден 08.06.2022 година, Записник бр. 03-208 од ден 27.06.2022 година и Записник 03-208/1 од ден 30.06.2022 година, Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 03/2022 арх.бр.03-208/2 од ден 30.06.2022 година, в.д. директор на ден 01.07.2022 година донесе :

**ОДЛУКА за вршење на избор на кандидат по Јавен оглас 03/2022**

1.За работно место Кустос – археолог на ниво Д03, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002 во Одделение за археологија по објавен оглас бр.03-187/1 од ден 08.06.2022 година, еден ( 1) извршител, припадност на заедница албанец/ка се избира кандидатот Фросина Лазаревска.

2. Изборот е извршен врз основ на Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 03/2022 арх.бр.бр.03-208/2 од ден 30.06.2022

3. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на Н.У. Музеј- Куманово.

4. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзино донесување.

***Образложение***

Во врска со Јавен оглас 03/2022 со арх.бр.03-187/1 од ден 08.06.2022 година за работно место Кустос –археолог на ниво Д03, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002 во Одделение за археологија, еден (1) извршител на неопределено време Министерство за култура на Република Северна Македонија со решение за номинирање на членови и заменици на членови со арх.бр.31-6322/2 од ден 30.05.2022 година формираше Комисија за постапка за вработување. Комисијата на ден 27.06.2022 година спроведе постапка за административна селекција на пристигнати пријави со Записник бр.03-208 од ден 27.06.2022 година и на ден 30.06.2022 година постапка за веродостојност на докази и интервју со Записник бр.03-208/1 од ден 30.06.2022 година и утврди дека кандидатот Фросина Лазаревска е единствен пријавен кандидат на јавниот оглас кој воедно ги исполнува и општите и посебните услови предвидени за работно место Кустос-

археолог, а за кое нешто има доставено до в.д. директор Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 03/2022 со арх.бр.03-208/2 од ден 30.06.2022 година.

Со оглед на горенаведеното в.д. директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата до Управен одбор на Н.У. Музеј – Куманово.

Куманово
01.07.2022 година

в.д. директор
Николиќ Мери